Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Арх.бр./Nr. Arkivi. УП/UP1-15-1933/2024
Дата/Data: 20-12-2024

Врз основа на член 42, став (1) и став (9) од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 32/20, 111/23 и 171/24), а во врска со член 4, став (3) од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

Bazuar në nenin 42 paragrafin (1) dhe paragrafin (9) të Ligjit për Planifikim Urbanistik (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 32/20, 111/23 dhe 171/24), dhe në lidhje me Në nenin 4, paragrafi (3) të Ligjit për Zbatimin e Planit Hapësinor të Republikës së Maqedonisë (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 39/04), Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor miratoi:

## Р Е Ш Е Н И Е
### за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Охрид се издаваат Услови за планирање на просторот со намена згради за времено сместување со апартмани и студија на КП 3212, КП 3213/1 и КП 3213/2, КО Коњско, Општина Охрид.

Површината на предвидениот опфат за која се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува 0,06 ha.

Низ планскиот опфат поминува траса на издадени Услови за планирање на просторот со тех.бр.У47722 - УПД за заштитена зона на крајбрежен појас на Охридски регион во КО Љубаништа, КО Трпејца, КО Пештани, КО Елшани, КО Коњско, КО Охрид 3, КО Охрид 4, КО Оровник, КО Мислишево вон град, КО Мислишево, КО Струга, КО Калишта и КО Радожда, Општина Охрид, Општина Струга и Дебрца.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

## A K T V E N D I M
### për Kushtet e Planifikimit Hapësinor

1. Me këtë Aktvendim Komunës së Ohrit, i jepen Kushtet për planifikimin e hapësirës me destinim ndërtesa për strehim të përkohshëm me apartamente dhe studio ne PK 3212, PK 3213/1 dhe PK 3213/2, KK Konjsko, Komuna e Ohrit.

Sipërfaqja e planifikuar e hapsirës për të cilën jepen Kushte për planifikimin e hapsirës është 0.06 ha.

Përmes sipërfaqjes së planifikuese kalon një trase e përcaktuar në bazë të Kushteve të lëshuara për planifikimin e hapësirës me nr. teknik U47722 - DUP për zonën e mbrojtur të brezit bregdetar të rajonit të Ohrit në KK Lubanishtë, KK Trpejcë, KK Pezhdan, KK Elshanj, KK Konjsko, KK Ohër 3, KK Ohër 4, KK Orovnik, KK Misleshevë jashtë qytetit, KK Misleshevë, KK Strugë, KK Kalishtë dhe KK Radozhdë, Komuna e Ohrit, Komuna e Strugës dhe Debërcës.

Lloji i dokumentacionit planor duhet të jetë në përputhje me Ligjin për Urbanistikë dhe Rregulloren për Planifikim Urbanistik.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Условите за планирање на просторот треба да представуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согладсност со Просторниот план на Република Македонија.

Kushtet për planifikim hapësinor duhet të paraqesin parametra hyrës dhe udhëzues për planifikimin hapësinor dhe vendosjen e koncepteve dhe zgjidhjeve të planifikimit në të gjitha fushat që kanë të bëjnë me planifikimin hapësinor në dokumentin përkatës planor, në pajtim me Planin Hapësinor të Republikës së Maqedonisë.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. бр. Y34324 се составен дел на Решението.

2. Kushtet për planifikim hapësinor nga pika 1 e këtij vendimi, të përgatitura nga Agjencia e Planifikimit Hapësinor me nr. teknik. Y34324 janë një pjesë integrale e Vendimit.

3. Условите за планирање на просторот со намена згради за времено сместување со апартмани и студија на КП 3212, КП 3213/1 и КП 3213/2, КО Коњско, Општина Охрид, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

3. Kushtet për planifikimin e hapësirës me destinim ndërtesa për strehim të përkohshëm me apartamente dhe studio ne PK 3212, PK 3213/1 dhe PK 3213/2, KK Konjsko, Komuna e Ohrit, përmbajnë dispozita të përgjithshme dhe të veçanta, udhëzime dhe zgjidhje dhe vërejtje përmbyllëse me veprimtari obligative nga dokumentacionin planor të nivelit më të lartë dhe bashkëngjitjet grafike të cilat paraqesin një Ekstrakt nga plani.

4. Меѓу приоритетните определби на Просторниот План е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиште од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

4. Ndër përcaktimet prioritare të Planit Hapësinor është mbrojtja e tokës bujqësore, e veçanërisht kufizimi i rreptë i transformimit të tokës nga klasa kreditore I-IV për përdorim jo bujqësor, si dhe ruajtja e cilësisë dhe pjellorisë natyrore të tokës.

5. Донесувачот или изработувачот кој ја подготвува планската документација е должен да ги прибави сите податоци што произлегуваат од општите и посебните мерки за заштита на животната средина, природата и водите за конкретниот зафат и за соседните подрачја што граничат со планскиот опфат, а што се неопходни за изработување на урбанистичкиот план или урбанистички проект, согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник

5. Hartuesi ose përpiluesi që përgatit dokumentacionin e planifikimit është i detyruar të marrë të gjitha të dhënat që rrjedhin nga masat e përgjithshme dhe të veçanta për mbrojtjen e mjedisit, natyrës dhe ujërave për shtrirjen specifike dhe për zonat fqinje në kufi me objektin planore që janë të nevojshme për zhvillimin e planit urban ose projektit urbanistik, në pajtim me nenin 47 të Ligjit për planifikim urban ("Gazeta Zyrtare e

на Република Северна Македонија" бр. 32/20, 111/23 И 171/24).

6. Планскиот опфат се наоѓа на просторот заштитен како светско природно и културно наследство во Охридскиот регион, заради што е потребно да се почитуваат одредбите согласно Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (Сл.весник на РМ, бр.75/10),Планот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот регион(Сл.весник на РСМ, бр.45/20), како и одредбите на Конвенцијата на УНЕСКО и документите донесени од органите на оваа Организација.

7. Согласно Студијата за заштита на природно наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот со намена згради за времено сместување со апартмани и студија на КП 3212, КП 3213/1 и КП 3213/2, КО Коњско, Општина Охрид, влегува во граници на Националниот парк Галичица.

8. Согласно податоците од Националната установа Завод за заштита на споменици на културата и Музеј-Охрид преку Заштитно конзерваторски основи за заштита на недвижното културно наследство во кој е даден Инвентар на недвижното културно наследство од ппосебно значење како и податоците од Археолошката карта на Република Македонија на подрачјето на катастарската општина Коњско има регистрирани со Решение, евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.

9. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор со намена згради за времено сместување со апартмани и студија на КП 3212, КП 3213/1 и КП 3213/2, КО Коњско, Општина Охрид,

Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 32/20, 111/23 dhe 171/24).

6. Fushëveprimi planor gjendet në zonën e mbrojtur si trashëgimi natyrore dhe kulturore botërore në rajonin e Ohrit, për çka është e nevojshme të respektohen dispozitat sipas Ligjit për menaxhimin e trashëgimisë natyrore dhe kulturore botërore në rajonin e Ohrit. (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë, nr. 75/10), Plani për menaxhimin e trashëgimisë botërore natyrore dhe kulturore në rajonin e Ohrit (Gazeta zyrtare e RMV, nr. 45/20), si dhe dispozitat e Konventës së UNESCO-s dhe dokumenteve të miratuara nga organet e kësaj Organizate.

7. Sipas Studimit për mbrojtjen e trashëgimisë natyrore, i përgatitur për nevojat e Planit Hapësinor të Republikës së Maqedonisë, në zonën me destinim ndërtesa për strehim të përkohshëm me apartamente dhe studio ne PK 3212, PK 3213/1 dhe PK 3213/2, KK Konjsko, Komuna e Ohrit, hyn në kufijtë e Parkut Nacional të Galiçicës.

8. Sipas të dhënave nga Instituti Kombëtar i Mbrojtjes së Monumenteve të Kulturës dhe Muzeu-Ohër nëpërmjet Fondacioneve Mbrojtëse dhe Konservatore për Mbrojtjen e Trashëgimisë së Paluajtshme Kulturore, në të cilat jepet Inventari i Trashëgimisë së Paluajtshme Kulturore të Rëndësisë së Veçantë si dhe të dhënat nga Harta Arkeologjike e Republikës së Maqedonisë për hapësirën e komunës kadastrale Konjsko ka regjistruar me Rezolutë, evidentohen monumente të paluajtshme të kulturës dhe lokacionet arkeologjike.

9. Gjatë sjelljes së Vendimit për zbatimin apo Vendimin për moszbatimin e vlerësimit strategjik për dokumentacionin për zonën në fjalë me destinim ndërtesa për strehim të përkohshëm me apartamente dhe studio ne PK 3212, PK 3213/1 dhe PK 3213/2, KK Konjsko,

задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

Komuna e Ohrit, është e detyrueshme të merret parasysh udhëzimi për nevojën e zbatimit të Vlerësimit Strategjik të Ndikimit në mjedis, si dhe vëzhgimet dhe konkluzionet nga fushat sektoriale të mbuluara me Planin Hapësinor të Republikës së Maqedonisë.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Охрид, врз основа на член 42, став (1) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20 и 111/23), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 63838 од 23.07.2024 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот со намена згради за времено сместување со апартмани и студија на КП 3212, КП 3213/1 и КП 3213/2, КО Коњско, Општина Охрид.

Согласно член 42, став (8) од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот со намена згради за времено сместување со апартмани и студија на КП 3212, КП 3213/1 и КП 3213/2, КО Коњско, Општина Охрид и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1933/2024 од 15.10.2024 година.

Условите за планирање на просторот со намена згради за времено сместување со апартмани и студија на КП 3212, КП 3213/1 и КП 3213/2, КО Коњско, Општина Охрид, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

ARSYETIM

Komuna e Ohrit në bazë të nenit 42 paragrafi (1) të Ligjit për planifikim urbanistik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 32/20 dhe 111/23), ka paraqitur kërkesë përmes e-urbanizmit, me numër të Procedurës UPP 63838 nga 23.07.2024, në Agjencinë për Planifikim Hapësinor për dhënien e kushteve për planifikim hapësinor me destinim ndërtesa për strehim të përkohshëm me apartamente dhe studio ne PK 3212, PK 3213/1 dhe PK 3213/2, KK Konjsko, Komuna e Ohrit.

Në bazë të nenit 42 paragrafi (8) të ligjit me të njëjtin emër, Agjencia e Planifikimit Hapësinor ka hartuar Kushtet për Planifikim Hapësinor me destinim ndërtesa për strehim të përkohshëm me apartamente dhe studio ne PK 3212, PK 3213/1 dhe PK 3213/2, KK Konjsko, Komuna e Ohrit, dhe i ka dorëzuar Ministrisë së Mjedisit dhe Planifikimit Hapësinor me nr. UP1-15 1933/2024 nga 15.10.2024.

Kushtet për planifikimin e hapësirës me destinim ndërtesa për strehim të përkohshëm me apartamente dhe studio ne PK 3212, PK 3213/1 dhe PK 3213/2, KK Konjsko, Komuna e Ohrit, paraqesin parametra dhe udhëzime hyrëse në planifikimin e hapësirës dhe vendosjen e koncepteve dhe zgjidhjeve të planifikimit në të gjitha fushat. relevante për planifikimin e hapësirës.

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение

ПРАВНА ПОУКА: Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

Konkluzat përmbyllëse, të përcaktuara në Kushtet e Planifikimit Hapësinor që dalin nga Plani Hapësinor i Republikës së Maqedonisë, paraqesin aktivitete të detyrueshme në proçesin e planifikimit të mëtutjeshëm hapësinor.

Në bazë të asaj që u cek më lartë u vendos si në dispozitiv të këtij vendimi.

UDHËZIM JURIDIK: Kundër këtij Aktvendimi për kushtet e planifikimit të hapësirës, mund të ngrihet një padi administrative përpara gjykatës kompetente brenda 15 ditëve nga pranimi i Aktvendimit.

Република Северна Македонија МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ Скопје * MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR Shkup * Republika e Maqedonisë së Veriut

МИНИСТЕР/ MINISTËR
Izet Mexhiti

Изработил/Përpiloi: Ismail Shehabi, советник / këshilltar
Контролирал/Kontrolloi: Соња Фурнаџиска, раководител на одделение / udhëheqes njësie
Одобрил:/Miratoi: Nebi Rexhepi, раководител на сектор / udhëheqes sektori

Одобрил/Miratoi: Resmi Ejupi-Државен секретар/Sekretar shtetëror
Кабинет на министер / Kabineti i ministrit
Согласен / Me pëlqim të: Посебен советник на Кабинет на министер/ Këshilltar i posaçëm i Kabinetit të Ministrit
Husamet Agushovski
Посебен советник на Кабинет на министер/ Këshilltar i posaçëm i Kabinetit të Ministrit
Nedim Rama


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk